| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Лични заменки : граматички категории лице, број и род** | Ги наведува личните заменки во еднина и множина, со нагласување на формите за граматичката категорија род само во 3. л. еднина.<br>Ги идентификува личните заменки во даден текст и го определува нивниот род, број и лице | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците им прикажува илустрација на која се дадени глаголи и лични заменки. Учениците ги поврзуваат глаголите со соодветните заменки и пишуваат реченици<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиваат текст во кој се употребени сите лични заменки во различни лица и број.Имаат задача да ги најдат и подвлечат и да ги одредат нивните категории лице, број и род доколку се во 3. л. еднина. | -игри/ наставни техники<br>-наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- изработките/ практичните изведби (пишување/творење текстови)<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

**ИГРА**

Мамо, луѓето кои живеат горе, во облаците, ми довикуваа:

– Ние си играме откако ќе се разбудиме, па сè додека не згасне денот.

– Ние си играме со златната зора, си играме со сребрената месечина.

Јас ги прашав: „Како би можел да се искачам кај вас?“

Тие ми одговорија: „Дојди на самиот крај на Земјата, крени ги рацете кон небото и ќе бидеш подигнат во облаците“.

– Мама ќе ме чека дома – им реков. – Таа секогаш мисли на мене. Како можам да ја оставам и да дојдам кај вас?

Тогаш тие се насмеаја и отпловија. Но, јас знам една игра што е многу поубава, мамо.

Ти ќе бидеш облакот, а јас месечината.

Ќе те прегрнам со обете раце, а покривот на нашата куќа ќе биде синото небо.

Р. Тагоре

**Завршна активност – извлекување заклучок**

Учениците ги презентираат одговорите. Откако ќе ги прочитаат идентификуваните лични заменки, преку дискусија се изведуваат заклучоци за тоа кога се користат основните форми на личните заменки:

- прво лице е лицето што зборува;
- второ лице е лицето кому му се зборува;
- трето лице е лицето за кое се зборува.

**Рефлексија**

Се води дискусија по следните прашања:

1) Што правевме денес?“,

2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,

3) „Што научивте?“

4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“.

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Епика во проза**<br>**Мит** | Ги определува карактеристиките на даден мит.<br><br>Ги опишува карактеристиките на митот. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот преку видеопрезентација ги запознава учениците за митови. (На видео презентацијата е прикажан митот за Ромул и Рем)<br>**https://youtu.be/CyobB9I7xU8?si=pirK20VpdCKbdmGc**<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Се чита мит (по избор на наставникот) и се определуваат неговите карактеристики.<br>За митот наставникот има подготвени прашања (за што станува збор во митот, какви информации дава митот, во кое време се случува, кој го раскажува настанот, да ги определат фантастичните елементи, непознатите зборови). Потоа учениците во парови самите избираат мит од презентацијата.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2014/03/blog-post_28.html<br>Ги анализираат митовите со техника ѕвезда и техника мапирај го митот со цел да се опишат карактеристиките на митот. | Техничка опрема во училницата<br>Аудио - Визуелни средства<br>Видео - презентација<br>Наставен лист<br>Библиотека во училница, училишна библиотека<br>Книги<br>-игри/ наставни техники | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>-<br>• |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците одговараат на наставните листови, а потоа се дискутира секое прашање и одговор за<br>да се направи заеднички заклучок затоа што се опишува во митот.<br>**Насоки за домашна задача:**<br>Истражувајте за митови, прочитајте и запишете го.<br>**Рефлексија** | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3)  „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза**<br>**Мит** | Издвојува клучни и непознати зборови во даден мит и прави кратки белешки.<br><br>Наведува примери на митови. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br><br>Учениците ја составуваат мрежата на темата за мит.<br><br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците ги читаат митовите кои ги напишале за домашна работа (претходно учениците истражуваа за митови, на интернет, во училишната библиотека, интернет, енциклопедии...) При тоа тие издвојувале клучни и непознати зборови и воделе кратки белешки. На крајот учениците имаат задача со техниката- Запознај го мојот мит, да го опишат и илустрираат митот што го прочитале (неговите , физички, карактерни особини, емоции...) и при тоа да наведат докази за неговите особини. | -техники на учење<br><br>-илустрации,<br><br>-наставни листови<br><br>- Лексикон речник Библиотека во училница, училишна библиотека Книги<br><br>-боици, фломастери | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- домашните<br>- задачи; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат анализите пред паралелката и го наведуваат изворот од каде го пронашле митот.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) ,,Што правевме денес?<br>2) ,,Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“ | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Показни заменки: граматички категории род и број** | Ги идентификува показните заменки во даден текст и го определува нивниот род и број.<br><br>Ги поврзува формите на показните заменки со формите на членуваните именки. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот истакнува реченици во кои има показни заменки:<br>✓ Овие ученици ќе учествуваат на натпреварот.<br>✓ Тоа маче ми го спаси животот.<br>✓ Тие сеќавања живеат во мене.<br>✓ Онаа реченица ми е постајано во мислите.<br>✓ Оваа девојка ми е сестра.<br>Преку насочувачки прашања од наставникот се открива новата наставна содржина за показни заменки.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот шематски на паметната мапа ги претставува показните заменки и ги објаснува.<br> | -Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач. -Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја;<br>-техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- Одговори дадени во наставни листови;<br>- Практични вежби (читање, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците работат поделени во групи. Добиваат текст во кој има употребено показни заменки. Имаат две задачи: да ги пронајдат сите показни заменки и да го одредат нивниот број и род. Да ги пронајдат членуваните придавки и именки, и истите да ги заменат со показна заменка. (На пример: Писменцево однеси му го на момчено со црвена јакна и донеси ми ја црвената јакна/ Ова писменце однеси му го на она момче со црвена јакна и донеси ми ја таа јакна.)<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Откако ќе ги презентираат идентификуваните показни заменки, преку дискусија изведуваат заклучок за тоа кога се користат едните, кога другите, а кога третите (за посочување луѓе и предмети во близина, во далечина и во отсуство).<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | пишување);<br>- |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема :** МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор** *(лични навреди и клевети, почитување на приватност)* | Ја објаснува важноста на слободата на изразување при креирање и споделување на медиумските содржини. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот поставува прашања кои ќе поттикнат дискусија за темата на часот:<br>◊ Дали некој досега ја отворил вашата електронска пошта без ваша дозвола?<br>◊ Дали некој досега ги прочитал вашите СМС пораки без ваша дозвола?<br>◊ Дали досега сте добиле на вашиот телефон или преку интернет порака со навреди или непристојни фотографии и видеа?<br>◊ Дали некој веќе му пренел на некој друг информации, фотографии или видеа од вас без ваша согласност?<br>◊ Дали некој досега објавил на некоја интернет страница или социјална мрежа информации, видеа или фотографии што ве засегаат без ваша дозвола?<br>◊ Дали некој досега ги ретуширал/уредувал/обработил фотографии од вас без ваша дозвола?<br>◊ Дали досега сте му ја кажале некому вашата лозинка?<br>◊ Дали некој досега ве навредил на некоја онлајн игра или онлајн разговор?<br>◊ Дали досега сте добиле навредливи или непристојни телефонски повици? | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла Картички<br>-Е-весници<br>-Интернет портали<br>-Аудио средства Визуелни средства | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ◊ Дали некој досега напишал недолични коментари на вашиот блог/профил на<br>социјална мрежа?<br>◊ Дали некој досега испратил лажни/недолични информации или гласини за вас<br>преку СМС - порака или електронска пошта?<br>◊ Дали познавате некој што е жртва на „cyber bullying“?<br>◊ Знаете ли дали постои конкретно законодавство за ваков вид на насилство?<br>◊ Сметате ли дека треба да има ограничувања за тоа што можат интернет<br>корисниците да објавуваат на интернет?<br>◊ Дали е легитимно да се забранат мобилните телефони во училиштата?<br>Наставникот дава објаснување за слободата на изразување. Слободата на изразување алудира на слободата на мислење. Слободата на мислење се однесува на можноста секоја индивидуа да може слободно да ги изрази своите идеи и мислења дури и ако тие се маргинални. На пример, јас како индивидуа имам право да го изразам моето мислење, дури и ако тоа е негативно, за владата во земјата во која живеам, да го критикувам спортскиот тим што вообичаено го поддржувам...Слободата на изразување е човеково право и исто така претставува демократска слобода пар екселанс. Таа овозможува секој да биде информиран и да дебатира, таа претставува една од слободите што ја сочинуваат демократијата. Европскиот суд за човекови права всушност смета дека таа е „еден од основните темели на едно демократско општество, еден од најзначајните услови за негов напредок и развој на секој поединец. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во групи, ја добиваат следната задача: Секој од групата да си замисли дека на некоја социјална мрежа (фејсбук, инстаграм, тик-ток...) објавил селфи.На заеднички лист, секој од групата пишува по еден коментар што би сакал да го/ја добие под објавеното селфи (на пр., Многу си згодна; Изгледаш топ; Права манекенка!; Супер фраер, Кул си!). Потоа листовите се ставаат на ѕид и се читаат коментарите на сите. Заеднички се констатира дека секој сака да добие позитивни коментари.<br>Групите добиваат задача на друг лист да напишат негативни коментари кои некои други би можеле да ги објават под неговото/нејзиното селфи кога сакаат да го/ја навредат (на пр., Личиш на диносаурус; А да ослабеше некое кило; Бљак; На што личиш бре! ).<br>Листовите се ставаат на ѕид и се читаат напишаните коментари. Се дискутира какви чувства предизвикуваат ваквите коментари кај лицето на кое му се наменети.<br>Групите добиваат задача да си замислат ситуација во која некој го презема објавеното селфи и го споделува со друг и под преземената слика објавува и коментар во вид на клевета – невистина за некого со цел да го оцрни, да му го наруши угледот (на пр. Овој е крадецот од гардеробите на Физичко; Рекордерка во бакнување). На посебен лист секој од групата пишува по еден коментар во вид на клевета. Потоа листовите се ставаат на ѕид и се читаат коментарите на сите. Сите заедно дискутираат по следните прашања:<br>(1) Какви се последиците по наклеветеното лице?<br>(2) Како му е нарушена приватноста и тогаш кога не му е објавено името? (3) Колку е етички да се навредуваат и клеветат другите преку социјалните мрежи?<br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Заеднички се заклучува дека секој е одговорен етички да постапува исто како во реалноста –клеветењето и навредувањето на социјалните мрежи е насилничко однесување иако лицето што клевети и навредува „не се гледа“.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Медиумска писменост**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор** *(лични навреди и клевети, почитување на приватност)* | Препознава лични навреди и клевети во онлајн комуникација. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот ги истакнуваа поимите:<br>БОТ И ТРОЛ<br>Ги прашува учениците дали знаат што се ботови и тролови?<br>Најчестите натрапници на социјалните мрежи се т.н. ботови и тролови.<br>Бот е автоматизиран профил (налог) на социјалните медиуми со кој управува компјутерски алгоритам, а не вистинска личност, иако профилите на ботовите понекогаш претставуваат луѓе со име и презиме, | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>Картички<br>-Е-весници<br>-Интернет портали<br>-Аудио средства<br>Визуелни | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | најчесто лажни. На социјалните мрежи присутни се милиони ботови.<br>Постојат три главни карактеристики на ботовите. Првата е *анонимноста* – не даваат дополнителни информации за тоа кој стои зад профилот и вообичаено ставаат слики од личности, компании или симболи на движењата и идеите што ги застапуваат. Втората е нивната *невообичаено голема активност*, некарактеристична за реални луѓе – објавуваат и до 50-тина поста дневно. И третата е постојаното *пренесување постови од други корисници*. Има и мрежи од ботови (кои користат иста фотографија на повеќе профили. Бот-мрежите користат моќни структури за да ги нападнат политичките противници, лидери, држави. Тие промовираат контроверзни содржини, поттикнуваат говор на омраза и онлајн-малтретирање, шират дезинформации, теории на заговор и лажни вести.<br>За разлика од ботовите, троловите се вистински луѓе што седат зад компјутерот, намерно иницираат конфликти на социјалните мрежи или навредуваат други корисници за да го одвлечат вниманието од темата на дискусија. Целта им е да ги изместат и да ги уништат дебатите провоцирајќи ги другите корисници да одговорат емотивно на нивните постови или коментари каде што таргетираат популарни јавни личност<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците дека ќе бидат задолжени да создадат личен интерфејс на млад корисник на социјална мрежа (младич/девојка од дваесетина години). Учесниците треба да ги пополнат разните полиња својствени за страница на социјална мрежа (име, фотографија, неговите интереси, неговите лични информации... | средства | -изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име:<br>Наслов на интерфејсот (лична реченица): Фотографија на профилот:<br>ИНТЕРЕС ЗА МУЗИКА:<br>ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ:<br>ОБЈАВЕНИ ФОТОГРАФИИ:<br>ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА:<br>ВЕРСКА ОПРЕДЕЛБА:<br>СТРАНИЦИ ШТО МИ СЕ ДОПАЃААТ:<br>ОБЈАВИ НА СВОЈОТ ЛИЧЕН ИНТЕРФЕЈС:<br>ОБЈАВИ НА ИНТЕРФЕЈСОТ НА ДРУГИ:<br>Наставникот поставува прашања со цел да се осознае влијанието од нашите објави врз она што другите го мислат за нас и да се зборува за навреда, провокација и говор на омраза на интернет.<br>•Дали го откривте целиот идентитет на младото лице?<br>• Какво влијание има името или псевдонимот?<br>• Што кажува фотографијата на профил? Дали таа е извор на предрасуди?<br>• Според профилот, каков се чини карактерот на младото лице? За неговите блиски? За трети лица? За лица од друга генерација?<br>• Дали сметате дека социјалните мрежи го одразуваат вистинскиот карактер на луѓето?<br>• Дали сте биле внимателни при вашите објави? • Дали младиот човек треба да се плаши за својот углед (професионален, во рамките на општеството...) ако објавите и информациите повторно се појават за десет години?<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за слободата на изразување. Човековите права олицетворуваат збир на вредности меѓу кои на врвот се наоѓа почитувањето на достоинството на секое човечко суштество. Овие | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вредности го уредуваат остварувањето на човековите права. Со други зборови, не можеме да кажеме сè. Слободата на изразување не е апсолутно право.<br><br>Говорот на омраза е говор кој е упатен кон едно лице или одредена група на лица. Се работи за говор на нетолеранција. Иако секој може да биде мета на говорот на омраза, најчесто лицата кои припаѓаат на ранливи групи се засегнати (лица кои припаѓаат на етничко, верско малцинство, итн.) Без сомнение, интернетот е средство за унапредување на демократијата и човековите права, но може исто така да се користи за да се шират идеи кои го повредуваат човековото достоинство, особено идеи кои пренесуваат одредена омраза кон други. Тоа е она што го нарекуваме говор на омраза. Секој човек е слободен да ги искаже своите идеи и мислења. Станува збор за едно на „најскапоцените права на човекот“<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА</td></tr>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Лични заменки: граматички категории лице, број и род; и показни заменки: граматички категории род и број</td>
<td>Прави разлика помеѓу показните заменки: тој, таа, тоа и личните заменки за 3. лице еднина</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Се пополнува мисловната мапа за заменки. Преку насочувачки прашања се повторува за заменките.<br>


<br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците во наставни листови добиваат задачи во групи<br>*дадени се реченици каде треба да ги определат личните и показните заменки<br>*да трансформираат реченици во кои ќе употребат показни заменки<br>*на празните места во текст да стават соодветни заменки<br>*ЛАВИРИНТ СО ЗАМЕНКИ (Во полињата на лавиринтот се дадени реченици или прашања, задача е учениците да одговорат на барањата и да го пронајдат точниот одговор и да се движат низ лавиринтот од почеток со крај. Ако во последното поле пред излезот одговорат погрешно, тогаш мора одново да поминат низ лавиринтот)</td>
<td>- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Игри и техники<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Наставни листови</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- рефлексивните дневници-<br>- Одговори дадени во наставни листови;</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се презентираат вежбите, се прогласува победникот кој успеал да излезе од лавиринтот на заменки.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза**<br>**Сказни (бајки)**<br>**(***сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)* | Ги објаснува елементите на сказната (тема, ликови, време, простор, волшебни елементи).<br><br>Ги определува елементите во дадена сказна. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Преку техника бура на идеи -Замок по пат на асоцијација се открива наставната единица. Учениците го украсуваат замокот на сказните со зборови (сè што им асоцира на сказна).<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Се чита една сказна по избор на наставникот. Учениците добиваат насоки како да ја анализираат сказната. Со помош на наставничката/наставникот ги запишуваат: темата, времето, просторот, ликовите односно, јунакот, по кого или по што трага јунакот, кој и како му помага или пак му пречи, како и зборовните формули и волшебните | -- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Игри и техники на учење<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Книги | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.); |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | предмети со кои се служи јунакот. Со техника- Замокот на сказните, се анализира прочитаната сказна.<br><br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги пишуваат и ги презентираат анализите.<br>Се изведуваат заклучоци за елементите на сказната. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза**<br>**Сказни (бајки)**<br>**(***сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)* | Издвојува клучни и непознати зборови во дадена сказна и прави кратки белешки. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците треба да ја довршат фразата<br>**За мене бајка е....**<br>Се поведува дискусија за сказните (бајките). Кои бајки ги прочитале? Кои им се омилени? ...<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците подготвуваат говор и презентираат некоја сказна која многу ја сакаат. Потоа се делат во групи и добиваат по една нова сказна за читање. Заеднички ги објаснуваат карактеристиките на сказната преку дискусија за темата, ликовите и нивните карактеристики и волшебните настани. Ја анализираат сказната со техника ѕвезда на сказната.<br><br><br>Во секоја група се чита и се пишуваат белешки и клучни зборови. | -- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Книги | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.);<br>- Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Белешките се споделуваат во групата, а потоа во одделението.<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувстувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема :** Јазик и комуникација

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Читање со разбирање** | Одговара на прашања во врска со податоци дадени на мапа | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Преку прашања се открива целта на часот. Наставникот ги прашува учениците? Дали патуваат? Како ако се изгубат во некое место се снаоѓаат? Дали знаат каде е север, југ, запад, исток? Дали се оринтираат по сонцето, ѕвездите? Дали користат компас или мапа?<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот во групи им ја дава мапата на Битола, им одредува кои локации и знаменитости треба да ги најдат на мапата.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори - мапи | -Анализа и интерпретации на мапи и нивно презентирање;<br>-усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-изработките/ практичните изведби - Истражувачките задачи и активности при кои ученикот<br>• врши: собирење податоци, евидентирање, претставување резултати – наративно или со табели, дијаграми, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | графици и нивно презентирање; |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза**<br>**Мит и Сказни (бајки)**<br>*(сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)* | Ги определува елементите во дадена сказна.<br><br>Одговара на прашања во врска со податоци дадени на мапа.. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Преку техниката анаграм се открива сказната што ќе ја обработуваме на часот.<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат самостојно и ја читаат: „Срекниот принц“ од Оскар Вајлд. Прават план на настаните во текстот и разговараат за раскажувачот, за содржината на текстот, кои ликови и кои настани се сказнолики/волшебни во текстот.<br>Потоа добиваат задача да направат мапа на градот каде што ќе ги означат локациите од ликовите на кои им помогна Принцот со помош на ластовицата. На мапата треба да биде нацртана и статуата од Принцот. Учениците треба да ги именуваат и улиците (со што ќе внимаваат правилата за пишување голема буква). Потоа избираат еден лик (епизоден, од тие што добија помош од Принцот) и ја раскажуваат неговата приказна. | Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Книги<br>-наставни листови<br>- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-(пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.) |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Сите раскажани приказни се пишуваат кратко<br>и се поставуваат во училницата.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?",<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?",<br>3) „Што научивте?"<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?". | | -Истражувачките задачи и активности при кои ученикот врши: собирење податоци, евидентирање, претставување резултати –наративно или со табели, дијаграми, графици и нивно презентирање; |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза Реалистични приказни** *(сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)* | Наведува примери на народни и авторски сказни. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Бура на идеи за приказни. | Средства и ресурси за учење: шеми и приказ за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Книги<br>-наставни листови<br>- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците; |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td><br><br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците на часот имаат две книги „Детелинки-белинки“ (бајки од македонски автори) и ,,Македонски народни хумористични приказни“. Учениците работат во парови.<br>Секој пар има задача да наведе неколку примери авторски и народни реалистични сказни од книгите.</td>
<td></td>
<td>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

Учениците ги анализираат елементите на приказните (со техника пеперутка)




**Завршна активност – извлекување заклучок**

Се изведуваат заклучоци за разликите и сличностите на авторските и народните приказни и се презентираат одговорите.

**Рефлексија**

Се води дискусија по следните прашања:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Дневни сценарија за февруари

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

<table>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Епика во проза<br>Реалистични приказни<br>(сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)</td>
<td>Ги објаснува елементите на реалистичната приказна (тема од секојдневието, реалистични ликови, време и конкретен простор).<br>Ги открива и наведува карактеристиките во дадена реалистична приказна.</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело ,, Македонски народни хумористични приказни“.<br>Се дискутира за книгата. Кои приказни им оставиле впечаток? Со какви ликови се сретнале? Кој им е омилен лик? Што најмногу им се допадна? Дали приказните се реалистични? Какви пораки ни пренесуваат приказните?<br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците индивидуално избираат една приказна од лектирата да ја прераскажат и да ја анализираат.<br>


<br>Завршна активност – извлекување заклучок</td>
<td>- Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Книги<br>-наставни листови</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- - (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>-презентација на изработките</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците ги презентираат анализите и се откриваат карактеристиките на реалистичните приказни.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза Реалистични приказни**<br>*(сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)* | Ги објаснува елементите на реалистичната приказна (тема од секојдневието, реалистични ликови, време и конкретен простор).<br>Ги открива и наведува карактеристиките во дадена реалистична приказна. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Составување мрежа на темата за приказни<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Поделени се во две групи и секоја група добива различна приказна.<br>Прават анализа на приказните ги запишуваат карактеристиките на приказната, и цртаат цртеж кој ќе прикаже нивно видување на приказната.<br><br><br><br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Потоа ги претставуваат пред паралелката, во однос на реалистичноста на темата, ликовите, | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови<br>-Книги<br>-наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-(пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>-презентација на изработките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | настаните.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3)  „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Наставно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза Реалистични приказни** *(сказна, волшебни,елементи, реалистична приказна)* | Наведува примери на реалистични приказни. Ја објаснува разликата меѓу реалистичните приказни и сказните. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците пополнуваат Венов дијаграм со цел да се објаснат разликите и сличностите меѓу реалистичните приказни и сказните.<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива по една приказна. Една група добива реалистична, друга волшебна приказна. Задачата е еден ученик да ја прочита на глас во рамките на групата, потоа заеднички да ги запишат карактеристиките на приказната според дадени насоки.<br>Потоа онаа група што имала реалистична приказна, ја добива волшебната и обратно, ги решаваат истите задачи.<br>Учениците во групите прават Т-табела во која ги споредуваат двете приказни.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-Текстови<br>-Книги<br>-наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-(пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>-презентација на изработките |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Секоја група го презентира сработеното, наведувајќи и други примери на волшебни и реалистични приказни.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |